



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# КАРПОШ ЌЕ ДОБИЕ СВОЈ КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР

Во Општина Карпош се одржа презентација на елаборатот за формирање на креативен центар „Карпош“, своевиден инкубатор за сите креативци и ентузијасти од основните училишта на територијата на локалната самоуправа. Идејата за формирање на креативниот центар ја претстави проф-д-р. Зоран Поповски, претседател на Комисијата за јавни дејности и член на Советот на Општина Карпош, кој ги посочи сите упоришта на кој ќе се потпира овој центар, односно сите проекти кои треба да се реализираат во рамки на него. Општина Карпош, како што рече Поповски, досега вложи околи седум милиони евра во изградба и реконструкција на десетте основни училишта кои функционираат на негова територија, и сега учениците од оваа општина се школуваат во вистински европски училишта. Со овој проект ќе се воведе нов, дополнителен квалитет во практичната настава и унапредување на наставните содржини, а ќе се создадат услови, креативните и заинтересирани ученици да стекнат нови знаења во воннаставниот процес. Според елаборатот предвидено е во секое од 10-те основни училишта да се основа посебен центар од различни научни области како:Ученички истражувачки центар, Уметнички ценатр за млади, Мини астролошка лабараторија, Детска ботаничка градина, Ученички пластеник за здрава храна, Дом за животни, Мини погон за рециклажа, Ученичка еколошка станица, Детски центар за ракотворби и Мини метеоролошка станица. Сите поединечни центри ќе бидат координирани од Креативниот центар „Карпош“, а опремувањето во голем дел ќе биде од донации од високообразовни и академски институции. Севкупната опрема ќе биде во владение на училиштата од Карпош, а основната идеја е, зависно од афинитетите и интересот, децата од различни училишта, да можат да мигрираат во различните центри со цел да го надградат своето знање и да ги реализираат своите креативни идеи.



# СО НАЈУСПЕШНИТЕ СТУДЕНТИ ЗАЕДНО ЗА КАРПОШ

**Триесеттина најдобри студенти од Општина Карпош на повеќе факултети свечено ги добија сертификатите за стипендии од Националната Асоцијација за Престижни Академски Граѓани - НАПАГ, која заедно со локалната самоуправа го реализираа проектот „Со најуспешните студенти заедно за Карпош“. Националната Асоцијација за Престижни Академски Граѓани – НАПАГ во Кинотеката на Македонија ја одбележаа првата година од своето постоење и по тој повод ги додели сертификатите и стипендиите на сите студенти со просек од најмалку 8,50, кои аплицирале на нивниот конкурс, и кои ги минаа нивните тримесечни обуки за развој на креативните, иновативните и претприемачките вештини. Претседателот на оваа асоцијација за вмрежување на креативните елити од државата Д-р Виктор Ѓорѓиески и потпретседателот др-Игор Андреев, пред присутните ја објаснија мисијата и визијата на оваа единствена асоцијација кај нас од ваков вид, како и активностите преземени во текот на своето едногодишно постоење. Честитајќи им на успехот на најдобрите студенти, стипендисти на НАПАГ од Општина Карпош, првиот човек на локалната самоуправа Стевчо Јакимовски, им порача да продолжат да вложуваат во своето образование, а Општина Карпош секогаш ќе дава безрезервна поддршка на тој пат. -Вие ја имате најголемата предност, младоста, истакна Јакимовски, и ако продолжите да се борите на патот кон успехот, со огромни вложувања и лична афирмација, резултатите никогаш нема да изостанат.**



# БЕСПЛАТНИ БЕЛОДРОБНИ ПРЕГЛЕДИ ЗА РОМИТЕ КАРПОШАНИ

Урбаната заедница Злокуќани во соработка со невладината организација „Амбрела“ и Министерството за здравство на Република Македонија, денеска реализираа превентивни белодробни прегледи на ромската популација во Општина Карпош. Во урбаната заедница Злокуќани, имаше голем одѕив на заинтересирани граѓани за своето здравје. Беа прегледани голем број возрасни и деца, на кои стручни медицински лица им вршеа рентгенски снимки на белите дробови и воедно делеа совети како да се заштитат од болести кои го зафаќаат овој дел од телото. Целта на оваа акција, покрајдругото е да се дознае колкава е бројката на туберколозни заболувања меѓу граѓаните од руралните делови, на места каде условите за живот се потешки. Оваа медицинска акција е дел од низата прегледи кои се спроведуваат преку целата година, како превенција од различни заболувања кај Ромите.





# КРАЈ ЗА ВОДОВОДНИТЕ МАКИ НА НЕРЕЖАНИ



Со изградбата на Хидрофорската станица во Средно Нерези, маките со водоснабдувањето на жителите од овој дел заврши. Денеска, свечено беше поставен камен темелник за изградба на водоводната станица која ќе биде од огромно значење за нережани. Целта на изградбата на хидрофорската станица е да се создадат подобри услови за водоснабдување и воедно појак млаз вода, каде во овој дел од Општина Карпош, особено во летниот период жителите имаа голем проблем. Првиот човек на локалната самоуправа, Стевчо Јакимовски во присуство на претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски, им заблагодари на трпението кое, граѓаните од овој дел на Карпош го имаа во изминатиот период.

-Граѓаните на Средно Нерези неможеа нормално да функционираат поради нерешеното водоснабдување во овој дел на Општина Карпош. По граѓанска иницијатива за надминување на овој витален проблем, како локална власт, првенствено направивме еден водовод во должина од 300 метри.



Меѓутоа, граѓаните побараа да им се направат уште 150 метри, но и покрај тоа, повторно имавме потешкотии со снабдување на водата. Така, на крај одлучивме да ја направиме оваа хидрофорска станица со која очекуваме дека овој проблем ќе биде решен барем во наредните 20 години. Во изградбата на станицата се вклучија и службите на ЈП „Водовод и канализација“ кои го направија целиот проект и ќе инвестираат во Хидрофорската станица со околу 40 илјади евра, а локалната самоуправа ќе инвестира со околу 35 илјади евра. Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски ја поздрави граѓанската иницијатива за изградба на станица која претходно беше голем проблем при водоснабдувањето на жителите од Средно Нерези. -Заедно со градоначалникот, на седницата на Спветот на Општина Карпош едногласно, сите советници ја изгласаа одлуката за оваа набавка да се спроведе и да се изгради потребната хидрофорска станица. Минатата година, кога бевме тука, ветивме дека во најкус можен рок ќе започнеме со решавање на овој проблем и тоа и се случи. Се надевам, рече Лазаревски дека во наредните години можеби ќе дојде и до проширување на проектот. Изградбата на хидрофоската станица всушност ќе го реши долгогодишниот проблем со квалитетно водоснабдување на „високата зона“, т.е. на локалното население за околу 100 станбени објекти кои не беа приклучени на градската водоводна мрежа.



**По завршување со изградба на хидрофорската станица, ЈП “Водовод и канализација“ ќе пристапи кон изградба на секундарни приклучоци од претходно изградената водоводна мрежа финансирана од страна на Општината до станбените објекти. Изведувач на работите е ДПГТУ “ Урбан градба “ ДООЕЛ – Скопје. Вредноста на изведба на сите градежни работи кои ги финансира општината изнесува 1.908.413 денари. Останатите фази, електроинсталатерски работи со вредност од 173.820 денари и хидромашински работи во вредност од 2.338.582 денари, ќе бидат финансирани од ЈП “Водовод и канализација“.**

## ФОЛКЛОРНО ЗБЛИЖУВАЊЕ ВО КАРПОШ

Пред многубројна публика и љубители на фолклорот и танцот, започна 36-от по ред Меѓународен студентски фолклорен фестивал. Во организација на АКУД „Мирче Ацев“, на овогодинешната традиционална манифестација дојдоа фолклорни ансамбли од Полска, Бугарија, Словачка, Србија, Романија, Словенија и Турција како и домашни долгогодишни постоечки ансамбли. Со сплет на македонски ора, одиграни од најмалите фолклористи од АКУД „Мирче Ацев“, започна неколкудневниот традиционален фолклорен студентски фестивал, кој ќе се одвива на неколку локации. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски ги поздрави присутните љубители на фолклорот како и учесниците од балканските земји. -Добредојдовте на 36-от Меѓународен студентски фолклорен фестивал на солидарноста кој на овој начин ја одбележува светската солидарност со Скопје и граѓаните кои го доживеаја земјотресот кој се случи на 26-ти јули 1963 година. Сакам да искажам благодарност до АКУД „Мирче Ацев“ кои со години наназад се организатори на овој фестивал. Длабоку сум убеден





